# Македонија




MACEDONIA

15 ФЕВРУАРИ 2011 ГОДИНА | ГОДИНА 28, БРОЈ 2 (316) | 1 ДОЛАР
FEBRUARY 15, 2011 | VOLUME 28, ISSUE 2 (316) | $1.00


# Запленет тиражот на "Македонски глас"

**Бугарската полиција упадна во печатницата "ЕТ Иранк-М" во Благоевград каде се печати списанието "Македонски глас" и го уапси сопственикот и еден вработен**

Стојко Стојков, претседател на партијата ОМО Илинден-Пирин вели дека бил запленет целиот тираж на списанието чиј издавач е невладината организација Пирински македонски информативен центар. Вкупно биле одземени 2.500 примероци од гласилото уште



**Стојко Стојков**

пред да бидат дистрибутирани.

- Во весникот имаше вообичаени содржини, ништо спорно или провокативно за да се предизвика ваква акција. Засега не знаеме зошто се уапсени луѓето, која е официјалната причина, а нив не ги пуштаат на слобода. Згора не се', благоевградската полиција негира дека имало таква акција. Можеби ја извршиле службите за државна безбедност. Побаравме информации и од обвинителството но засега ништо немаме добиено - изјави Стојков.

Во прес-центарот на бугарското Министерство за внатрешни работи во Софија рекоа дека воопшто не слушнале дека имало полициска акција во Благоевград во која бил уапсен сопственик на печатница. - Жалиме, но немаме таква информација. Не ни стигнала до сега, па затоа не би можеле ниту да образложиме која била причината за такво нешто - одговорија од прес-центарот.

Во истата печатница претходно се печателе и летоци како пропаганден материјал за пописот што почна во Бугарија со кои се повикуваат Македонците во таа држава слободно да ја искажат својата национална припадност. Тоа е можна причина за акцијата, вели претседателот Стојко Стојков.

Можно е, исто така, да има слична ситуација како со предизборните материјали за Виножито во Грција кога беа задржани додека поминаа изборите. Така и билтенот, ќе го држат додека да помине пописот, додава Стојков.

**(Дневник)**

# Подржете ја сегашната Република Македонија

**Бернд Поселт, пратеник во Еврипскиот парламент и силен подржувач на Македонија побара од министерот за надворешни работи на Унгарија Јанош Мартоњи да се заложи за Македонија**

Бернд Поселт, пратеник во Европскиот парламент направи игра на зборови со референцата за меѓународна употреба "поранешна југословенска република Македонија".

- Повикувам силно да го подржите барањето на сегашната македонска Република Македонија за членство во Европската унија. Европскиот совет треба што поскоро да определи датум за почнување на преговорите - побара Поселт кој говореше на заседание на Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент каде што пратениците имаа можност да му поставуваат прашања на унгарскиот министер Мартоњи. Моментно Унгарија е претседавач со Европската унија.

Мартоњи изјави дека Македонија е на добар пат кон Европската унија и дека ќе стори се' што е во негова моќ за да донесе нова динамика во интеграцискиот процес.

- Европскиот совет со кој претседава Унгарија е подготвен да го олесни почетокот на пристапните преговори со Македонија во случај на консензус за името - изјави Мартоњи во интервју за македонската новинска агенција МИА. Доколку заеднички прифатливо решение за Скопје и Атина е ПЈРМ, тогаш Скопје може да ги почне преговорите под ова име - изјави Мартоњи.

За тоа дали Македонија може да смета на деблокирање на процесот доколку проблемот со името не биде решен, Мартоњи вели дека Советот не може да донесе одлука за почнување без консензус меѓу сите земји-членки дека се исполнети сите услови.

**(Нова Македонија)**

# Граѓаните не сакаат промена на името

Половина од македонските граѓани се противат на каква било промена на името, а само 10 отсто би прифатиле ново име за севкупна употреба, покажуваат резултатите од истражувањето на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Истражувањето е спроведено од Институтот за социолошки и правно-политички истражувања во декември минатата година на примерок од 1.050 испитаници.

Граѓаните, очигледно не се спремни за компромисно решение со кое би се ставило крај на спорот со името меѓу Македонија и Грција. За 60,2 отсто од испитаниците не треба да има никаква промена на името, а 62,6 отсто не прифаќаат никаква географска одредница како што се северна, вардарска, горна, која би се додала пред или по терминот Македонија. За мал број од испитаниците прифатливи опциии се предлозите за двојна формула, односно едно име за Грција, а друго за домашна и за меѓународна употреба, како и можноста да се има договорено име за меѓународните организации, додека пак, другите држави би не нарекувале според нивни избор и договор.

Симпатизерите на владејачката партија и на опозицијата барем во оваа анкета се согласни дека најмалку прифатлива опција им е ново име за сите употреби. Меѓутоа, наместо меѓу партиите, јазот меѓу народот околу решение за името се појавува на етничка основа. За Албанците е најмалку прифатлива идејата за никаква промена на името и повеќе од 30 проценти од нив одговориле дека прифаќаат ново име.

Повеќе од половина од испитаниците сметаат дека треба да има советодавен референдум пред да се донесе одлука за името. Главната одлука, сепак, речиси 60 отсто се согласуваат дека треба да ја донесе Владата на Република Македонија со одобрување од Собранието.

**Продолжува на стр. 2**

# Името да се избори правно, а не политички

**Ова не е нов став на Јанев, доктор на правни науки - меѓународно право кој од почетокот на спорот тврди дека преговорите кои се без правна основа, треба да се прекинат**

Без разлика дали Македонија прифатила да преговара за името или не, Повелбата на Обединетите нации (членот 4 вели дека членството во ОН е отворено за сите мирољубиви држави што ќе ги прифатат меѓународните обврски и ќе ги извршуваат) е прекршена токму од органите на ООН, посочува Игор Јанев, доктор на правни науки од областа на меѓународното право кој од почетокот на спорот вели дека е потребна правна разврска и оти преговорите за името се дополнителен услов надвор од вообичаените за прием во ОН.

За ова Јанев неодамна пишуваше и во ревијата за меѓународни односи, српско издание со меѓународни рецензенти. - Прекршувањето на Повелбата на Обединетите нации е направена прво од Советот за безбедност, а потоа и од Генералното собрание кога овие два органи гласале за дополнителните услови за приемот во светската организација што е спротивно на советодавното мислење дадено од Меѓународниот суд за правдата во 1948 година (мислење со кое не се дозволуваат дополнителни услови за да се прими земја во Обединетите нации, надвор од оние пропишани во Повелбата на светската организација) констатира професорот Јанев во својот труд насловен "Правна рамка за советодавно мислење на Меѓународниот суд на правдата во случајот поврзан со приемот на Македонија во Обединетите нации" објавен деновиве.

Јанев посочува дека при приемот на Македонија во ООН, на државата и' се поставени два нелегални дополнителни услови. - Прв услов е обврската за реферирање и втор услов е обврската за преговарање за сопствениот правен идентитет. Тоа е надвор од Повелбата и за тоа нема правна основа - смета Јанев. Во



**Д-р Игор Јанев**

меѓувреме ситуацијата на правен план се менува, односно под уставното име земјата ја признаа 131 земја, што значи дека Македонија има две

**Продолжува на страница 9**

**Македонија**

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка. Излегува секој 15-ти ден во месецот или порано.

Првиот број на “Македонија“ излезе на први ноември 1984 година, а потоа весникот излегува редовно секој месец.

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најкасно до 10-тиот ден во месецот за да бидат објавени во бројот за тој месец.

Главен и одговорен уредник
Танас Јовановски

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата. Редакцијата на “Македонмија“ е одговорна само за текстовите без потпис.

Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

Претплатата за весникот “Македонија“ за Канада е 20 канадски долари, за Соединетите американски држави е 30 долари, а за другите земји 40 долари со авионска пошта.

Адреса:

**Macedonia**
**3 Milroy Crescent**
**Toronto, Ontario**
**M1C 4B6**

**Tel. 416-286-7673**
**Fax. 866-426-0598**
macedoniatoronto@yahoo.com
www.macedonia-toronto.ca

Published by
901039 Ontario Limited

# Балканот го слави роденденот на Тоше во Скопје

Орден за заслуги за Македонија на 24 јануари посмртно му беше доделен на Тодор Проески во претседателската резиденција во Скопје. Од името на семејството Проески орденот, кој го додели претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов го прими Кристијан Ристески, внукот на Тоше.

- Ќе бев среќен ако Тоше беше денеска меѓу нас. Но, со своите песни и дела секогаш е со нас. Орденот е признание за неговите овоземни заслуги, но и израз на нашата љубов и почит кон човекот што ги сакаше сите. Со овој чин Македонија свечено се обврзува да продолжи да го негува сеќавањето за својот голем син и да ја негува неговата уметност и хуманост - рече претседателот Иванов.



Иванов меѓу другото истакна дека “Проески ја афирмира Македонија и покажа дека таа е храбра и достојна и оти треба да веруваме во неа, да ја сакаме, чуваме и промовираме со достоинство“.

На доделувањето на Орденот за заслуги за Македонија на Проески присуствуваа поранешниот претседател Киро Глигоров, вицепремиерот задолжен за европски прашања Васко Наумовски, министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, ректорот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ Велимир Стојкоски, градоначалникот на општина Крушево, членови на семејството на Проески, неговите соработници и претставници од фондацијата “Тоше Проески“.

Пред свечениот настан, во хотелот Александар Палас се одржа прес конференција на која беше премиерно прикажан спотот за песната “Наслони главу“ на авторот Ненад Нинчевиќ која Тоше ја препеа пред трагичниот настан.

Спотот, кој го изработија хрватските продуцентски куќи “Инлустро дизајн“ и “Урбан звук“ е изработен во најмодерна ХД-технологија во комбинација со компјутерска графика и анимација. Видеозаписот беше прикажан и на хуманитарниот концерт кој се одржа вечерта во арената “Борис Трајковски“ во Скопје.

- Овде, во Македонија со овој концерт Тоше повторно го обедини Балканот. Тој стана пример за обединувачки фактор, а со своите дела пример за љубов и хуманист - истакна министерката Канческа-Милевска на прес конференцијата.

**(Дневник)**

# Папандреу не е оптимист за брзо решение

Грчкиот премиер Јоргос Папандреу во неодамнешното обраќање пред парламентот во Атина изјави дека не е оптимист за скорешно решавање на спорот со Македонија за името. - Не сум оптимист околу изгледите за брзо решение на спорот за името на ПЈРМ. Другата страна одбива да прифати име со географска одредница за севкупна употреба. Грчките ставови и иницијативи за ова прашање се стабилни и постојани. Нема да престанеме со напорите за изнаоѓање заедничко прифатливо решение. Имаме национална стратегија и јасно исцртани црвени линии - рече Папандреу пред пратениците говорејќи за надворешно-политичките приоритети на Грција.

На “црвените линии“ се повика и Андонис Самарас, лидерот на најголемата опозициска партија Нова демократија. Самарас рече дека ја застапува позицијата и црвените линии поставени на самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година, како и име без етничка одредница за севкупна употреба како решение за спорот со северниот сосед. Самарас ја обвини владата на Папндреу дека води тајна дипломатија за важните надворешно-политички прашања што, според него, создава повеќе сомнежи во земјата отколку зголемена доверба со другата страна.

# Граѓаните не сакаат промена на името

**Продолжение од прва стр.**

За алтернативата, односно одлука за решението да се донесе како кај Охридскиот рамковен договор преку големите политички партии со одобрување на Собранието се определиле 34,2 отсто од испитаниците.

Карактеристичен е фактот дека помладите граѓани, односно 59,1 отсто повеќе ја поддржуваат идејата за референдум отколку граѓаните на возраст над 65 отсто.

Ако се земат предвид резултатите од оваа анкета, мали се шансите исходот од тој референдум да биде позитивен и да прифатат компромисно решение за име со географска одредница како што бара грчката страна.

**(Утрински Весник)**

**МАКЕДОНИЈА**

**Најстар македонски весник во дијаспоратас. Првиот број излезе во ноември 1984г**

Triple A Cheese



**With more than 45 years of experience and knowhow, the management of Triple A Cheese has been a prime supplier of feta cheese for Canadians. Triple A Cheese is one of the largest manufacturers of feta cheese in Canada and is proud to present their Macedonian feta brand.**
**Macedonian feta is creamy and delicious and can be eaten on its own or as a complement to any meal, salad or just as a tasty snak. Ask a supermarket or deli near you for Macedonian feta by Triple A Cheese.**

**Со повеќе од 45 години искуство и знаење, менаџерскиот тим на Triple A Cheese е главен снабдувач за бело сирење за Канаѓаните. Triple A Cheese е еден од најголемите производители на бело сирење во Канада и со понос го презентира македонскиот вид на бело сирење.**
**Македонското сирење е богато и вкусно и може да се јаде самостојно или како додаток на било каква порција, салата или пак како закуска.**
**Прашајте во супермаркетите или деликатесни продавници за македонското сирење - производ на Triple A Cheese.**

- Sales- mailto:sales@tripleacheese.com
- Chris- chris@tripleacheese.com
- Tom- tom@tripleacheese.com
- Gus- gus@tripleacheese.com
- Administration- admin@tripleacheese.com

**TRIPLE “A” CHEESE CO. LTD.**
7210 Torbram Road, Mississauga, Ontario, L4T 3L7

# Why is EU demanding that Macedonia change its name?

**By Bill Nicholov**

"The EU is not involved in changing the identity of people. Identity is something sacred and it should not be negotiated," according to European Union ambassador Erwan Fouere. So why is the EU demanding that Macedonia change its name in order to gain membership?

Mr. Fouere was responding to the latest European Commission report that removed references to the Macedonian language and used the term "state language" instead. The United Nations followed suit and removed all references to the Macedonian language. Macedonia had to demand reinstatement.

Greece claims that it wants the Republic of Macedonia to change its name to "prevent confusion" with the province of Macedonia. Does the EU actually believe this? Then again, it is bailing out Greece after it blatantly lied about its economic situation.

The nonsensical name dispute was initiated by Greece in order to continue its policy of non-recognition and persecution of its large Macedonian minority, Former Greek Prime Minister Constantine Mitsotakis admitted in 1995. "My main aim was to convince the Republic of Macedonia to declare that there is no Slavomacedonian (using the Greek government's pejorative term for the Macedonians of Greece) minority in Greece. This was the real key of our difference with Skopje."

Ironically, Greece now claims that "Macedonia is Greek", but it was not until 1988, when Greece realized that independence for the Republic of Macedonia was imminent, that it renamed "Northern Greece" to "Macedonia." Prior to this, Greece's policy was that Macedonia did not exist. Now its policy is "The more outrageous the lie, the more believable it becomes".

The question is, does the world believe it? The answer appears to be "no". 129 countries, including four of the five permanent UN Security Council members, have recognized Macedonia. Now will these countries take the next logical step and denounce the name negotiations as an unprincipled intrusion on the constitution of a sovereign nation?

Unfortunately, the United States, which has already recognized Macedonia, is calling for a "compromise". The US views itself as a leader in spreading democracy and human rights throughout the world. So how does it justify asking a country to change its own name?

The European Union and NATO have taken it one step further. In addition to calling for a "solution", the EU and NATO are allowing themselves to be handcuffed by Greece's racist and henophobic policies. Every NATO member-state supported Macedonia's membership, yet Greece was permitted to veto it.

According to former US Secretary of State, Lawrence Eagleburger, "The name dispute is unnecessary and unfounded, since Macedonia was called the same in the time of former Yugoslavia and this did not cause any problems then". He added, "Is there anything more immature and more foolish than 'blackmailing' a nation by denying its membership in international organizations, which goal is to preserve the peace and protect their members from aggression of non-members."

Yet for two decades, the United Nations admission of Macedonia as a member under the "temporary" reference "former Yugoslav Republic of Macedonia" persists.

If Greece's "name dispute" with Macedonia made any sense, then where are the calls from the US State of Georgia for the republic of Georgia to change its name? How about the Belgian province of Luxembourg demanding that Luxemburg change its name?

The first UN mediator for the name dispute, Robin O'Neil, said that "Macedonia must not and will not change its name in order to appease Greece. If Macedonia succumbs to pressures and changes its name, such events will only give more firepower to Greece until it reaches its final goal … Macedonia to vanish from the map."

Every Macedonian government has continued the ridiculous name negotiations solely to satisfy American and Western European pressure to find a "compromise" with Greece. Instead of capitulating to countries that demand a change to Macedonia's name and identity, the Macedonian government must immediately end the name negotiations.

## Унапреден амбасадорот Филип Рикер



Амбасадорот на САД во Македонија Филип Рикер е унапреден и именуван заменик-помошник државен секретар во Стејт Департментот.

Рикер ќе остане на амбасадорската функција во Скопје уште некое време, а потоа ќе замине во кабинетот на државниот секретар на САД Хилари Клинтон. Мандатот на Рикер му истекува во август оваа година и најверојатно нешто пред тоа ќе замине од сегашната функција.

Работните задачи во рамките на новата функција ќе му бидат поврзани со Македонија и регионот бидејќи тој ќе биде одговорен за прашања поврзани со Источна Европа, регион за кој Филип Рикер е сметан за добар познавач.

## Bolivia is 131st nation to recognize Macedonia's constitutional name

Bolivia's government has decided to use the Republic of Macedonia's constitutional name in future bilateral communication, read the letter of Bolivian Foreign Minister David Choquehuanca sent to Macedonian counterpart Antonio Milososki through its UN mission.

Bolivia was the first country from the South American continent to establish diplomatic relations with the Republic of Macedonia under the interim reference through exchange of letters between the countries' ambassadors Denko Maleski and Edgar Camacho in 1994.




Joshua A. Campbell, BACS
Broker
905-895-8621 LOCAL
416-324-2911 TORONTO
905-853-0317 FAX
joshuacampbell@trebnet.com
www.JoshuaCampbell.ca
COLDWELL BANKER
SOUTHLAKE REALTY INC.
BROKERAGE*
615 Davis Drive
Newmarket, ON
L3Y 2R2
ULTIMATE SERVICE
*Each Office Is Independently Owned And Operated.



Telephone (416) 750-0200




Dr. Vera Najdova
Dentist

2390 Eglinton Ave. E
Suite 222
Scarborough, ON
M1K 2P5





За вашите потреби:
ПРОСЛАВИ, ИГРАНКИ,
КРШТЕВКИ, ЗАДУЖБИНИ,
СВАДБИ, БАНКЕТИ, ...

Ние ќе ви обезбедиме се' што треба по најповолни Цени. Телефонирајте на

416 – 421 – 7451

Македонска православна црква
"Св. Климент Охридски"
76 Overlea Blvd, Toronto, Ont. M4H 1C6

# Препанските јаболка на странските трпези

**Лошата откупна сезона од минатата година е само грд сон што преспанските овоштари сакаат да го заборават. Се отвораат европските пазари за јаболката од последната рејолта а најголемите извозни аранжмани се во Ирак преку коридорот со Турција**

Моменталната откупна цена се движи од 15 до 20 денари за килограм. Нашата репортрска екипа беше во преспанското село Покрвеник кај поранешниот рекордер Владо Латовски кој есеноска на 3.5 хектари собра над сто тони јаболка.

“Трет шлепер денеска товарам. Сите денови цената е солидна, триесет евроценти. Сметам дека е екстра“, рече Владо Латовски, овоштар од Покрвеник.

Со откупот се задоволни и другите овоштари. Меѓутоа, извозни проблеми се отворија со Бугарија откако таму се воведоа нови и повисоки царински стапки, а Албанија не се придржува кон билатералниот договор за слободен увоз од 3 илјади тони преспански јаболка.

“За Бугарија пет до шест илјади евра по шлепер треба да плаќаат нашите извозници на јаболка, а со Албанија проблемот е во референтната цена која што служи како основа за царинење на нашите јаболка. Ние баравме до Владата на Република Македонија, таа квота што ја имаме со Албанија од 3 илјади тони да се почитува. Со други зборови, Албанците се обврзани тие 3 илјади тони секоја година да ги земаат без било какви давачки“, вели Стевче Радевски, претседател на Сојузот на обединетите здруженија, агропроизводители од Ресен.

Минатогодишниот род во Преспа тежеше околу 70.000 тони јаболка. Оние овоштари што есеноска ги продадоа јаболката, од екстра класа заработија 15 денари за килограм. Сега, пострпливите можат да заработаат најмалку по 5 денари повеќе или проблемот со ладилниците и складирањето, повторно е актуелен, за да можат преспанските овоштари да парираат на пазарните и ценовните шокови.

**(А1-Телевизија)**

# Груевски знае да дава голови

“Ние создаваме можности и реализираме. Кажано со спортски жаргон, СДСМ знае да дрибла, ние знаеме да даваме голови. Публиката сака победа, сака голови. Народот сака дела, решенија, остварувања, а не голи, односно празни ветувања“.

Вака премиерот Никола Груевски одговара на опозициските тврдења дека власта ја копирала нивната идеја за Закон за енергетска сиромаштија.

“Што да ви кажам, луѓето само ветуваат, а не остваруваат. СДСМ 13 години беше на власт. Кој им бранеше да го спроведат овој проект? Никој. Само зборуваат, ништо не создаваат. Ние, кога се укажа можност, без многу време го реализиравме“, вели Груевски во интервју за МИА што агенцијата го пренесе во делови.

**(Утрински Весник)**

Janovski
COUNTER TOPS Ltd.
MANUFACTURES OF CUSTOM BUILT COUNTER TOPS
FOR VANITIES AND TABLES
Formica • Arborite • Wilsonart
Fast Service • Our Specialty
PETER & MARKO

OUR COUNTERS ARE TOPS !
25 Spy Crt., Markham, ON L3R 5H6
Fax: (905) 475-5895
(905) 475-0185
www.nakmedia.com/janovski

# Традиционална прослава на православната Нова Година - Василица

**Пишува**
**ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ**

Македонската православна црква “Св. Пророк Илија“ од Мисисага на 15 јануари 2011 година во банкетната сала на црквата “Св. Климент Охридски“ во Торонто, по триесет и втори пат традиционално го прослави доаѓањето на македонската стара нова година - Василица.

Преполнетата сала со верници и обожаватели на македонската музика, оро и нашата стара традиција , не ја сокрија радоста и задоволството да ги искажат чувствата и да бидат присутни на највеселата вечер во годината. Во добро друштво, богата трпеза како и со Василичкото мазниче со златна паричка, а додека музиката на оркестарот Бисер со виртуозниот Цани Петличков, младата интерпретаторка на македонски народни песни од градот Велес, Република Македонија, Сања Николовска ја исполнија срцата и душите на присутните кои сигурно со себе однесоа незаборавени моменти. Големата сала на “Св. Климент“ не често забележувала ваква празнична атмосфера, оти за ваква чувствителна вечер организаторите од црквата “Св. Илија“ од Мисисага покажаа дека се мајстори и нивното долгогодишно искуство за вакви вечеринки потврди како треба да се чува и негува македонската стара традиција.

Златната паричка беше подарена од Лазо Шопов додека зелничињата беа приготвени од Дита Чоков, Александра Јанкулас, Љуба Терзиевска и Зорка Петровска. Добитникот на златната паричка беше Пецо Петличков. Тој го пронајде златникот во зелникот и по старите преданија се верува дека ќе го служи среќа во текот низ целата година.

Друга традиција што се практикува на оваа Василичка вечер е лицитирање или наддавање на печено прасе кое беше подарено од семејството на Џими и Душка Смагранови. Во наддавањето учествуваа семејството Ставре и Невена Костовски и Томе и Зорка Петровски, но сепак највисоката цена од 1.500 долари ја даде Мајк и Рада Маркови со нивното семејство со што тие постанаа кумови за таа вечер. Водителот на програмата Горнан Јовановски на Мајк и Ратка во името на управниот одбор на црквата “Св. Илија“ им искажа благодарност за нивниот гест и им посака радост, среќа, добро здравје, љубов, слога и напредок во семејниот живот.

Водители на програмата беа Горнан Јовановски и Весна Стефановска. Како дел од оваа празнична вечер беше и извлекувањето на богатата лотарија за која беше одговорна женската секција при МПЦ “Св. Илија“ чиј координатор беше нејзиниот претседател Весна Стефановска.

Во 12 часот на полноќ кога часовникот го одбројуваше доаѓањето на старата нова година (Василица), претседателот на “Св. Илија“ господинот Славе Трајковски со најубави желби им ја честита новата година посакувајќи им на присутните , на парохијаните, на верниците и на сиот македонски народ среќна и успешна година исполнета со сите благодети, да биде берикетна, да биде година на милост, на слога, година на сплотување, година на единство, почитување и меѓусебно разбирање. На вас и на вашите семејства ви посакувам сите желби да ви се остварат и сите очекувања да ви се исполнат, да ве прати среќа, радост и добро здравје. Господ да не благослови нас и нашата татковина на која верно и достојно и’ служиме , истакна Трајковски.

Оваа вечер остана да се памети по добрата посетеност и добрата организираност. Музиката и мелозвучната песна која траеше до утринските часови не оставија празно срце и душа не напојано, не разиграно. Блескаше младата пеачка звезда од Македонија, атрактивна, шармантна, Сања Николовска. Нејзините песни ги освоија срцата на присутните кои ќе се потсетуваат на оваа вечер за долго време. Таа пееше без прекин, немаше време да здивне затоа што сакаше публиката да остане задоволна од нејзиниот настап. Од нејзиниот настап остана задоволна и управата на “Св. Илија“ за што искажува благодарност на Николовска за нејзината неуморна интерпретација.

Во програмскиот дел учество зедоа и младите играорци од ансамблот “Илинден“ при црквата “Св. Илија“. Тие, по кореографија на Емилија Петковска се претставија со две ора, “Василичари“ и “Шопка“.


RE/MAX
All Stars Realty Inc., Brokerage
Independently owned and operated
Zoran Niceski-Ron
B.Comm., Broker
Tel: 905-477-0011
416-798-2410
Fax: 905-477-6839
www.ZoranNiceski.com
Email:zniceski@trebnet.com
In Real Estate since 1997
416-726-1595
Direct

NEW
In order to serve you better, we have moved to a new office at 716 Gordon Baker Road, Suite #107.
Dr. Andy Plukov
Family Dentistry



Healthy teeth and gums are a vital part of your overall well being. They are also a part of your appearance and confident smile. We provide dental services in a comfortable, caring and professional environment.
416-265-0197
716 Gordon Baker Road, Suite #107, Toronto, ON, M2H 3B4

# Народот на Македонија е сигурен во својот идентитет, јазик и националност

Скопје, (МИА) - Името на државата некогаш, но не секогаш, го одразува јазикот и културниот идентитет на нејзиниот народ. Тоа може исто така да одрази и географски концепт. Сметам дека народот на Македонија е сигурен во својот јазик, идентитет и националност. Природно е што сакаат името на државата да го одразува тоа, но самото име не придонесува за зајакнување или слабеење на нивната сигурност во својот идентитет. Ова го истакна поранешниот посредник во грчко-македонскиот спор за името Робин О'Нил во интервју за Македонската телевизија.

Неодамнешното привремено тргање на македонскиот јазик од регистерот на Обединетите нации О'Нил го оценува како грешка која сега е корегирана.

Прашан дали целта на Атина не е промена на името туку исчезнување на македонскиот народ и идентитет, вели дека се надева оти никој во Грција не размислува на тој начн. - Некогаш се сомневав дека можеби во Грција се разгледуваат таквите идеи и дека на некој начин тие може да направат Македонија да исчезне. Но, Грција нема територијални претензии кон Македонија, ниту кон нејзиниот народ. Националните интереси на Грција лежат во тоа тие да имаат стабилни и економски успешни соседи, а тоа подразбира стабилна, просперитетна и независна Македонија. Македонскиот народ покажа за време на Отоманската империја дека е одлучен да стане независен и сигурен сум дека сега нема да се предаде. Нема мир и стабилност на Балканот без независна Македонија, истакна поранешниот медијатор во грчко-македонските разговори за името.

О'Нил смета дека е можен прогрес и долготрајно решение за спорот што, според него, би било од корист и за Македонија и за целиот регион, и оти во тоа е потребна помош и од земјите-членки на ЕУ и НАТО.

За ставот на САД , вели дека го подржуваат приемот на Македонија во НАТО, но не можат сами да го направат тоа.

На прашањето дали Македонците ќе го изгубат трпението ако проблемот наскоро не се реши, О'Нил укажува дека во меѓународните односи трпението е секогаш доблест, заедно со упорноста за да се остварат сопствените цели. "Македонија има право според меѓународната легислатива да го користи името кое си го избрала и се согласувам дека тоа треба да биде основата за преговорите. Владата на Македонија треба да одлучи која тактика ќе ја следи, но јас повеќепати го изнесов својот став дека најдобрата појдовна точка е Привремената спогодба од 1995 година која и Македонија и Грција се обврзаа да ја почитуваат, порача О'Нил.

Македонија, како што оценува О'Нил, доследно ги исполни обврските кои ги прифати со спогодбата, но Владата на Грција повторно ќе треба да погледне во документот, посебно членот 11 каде се вели дека нема да се противи Македонија да аплицира за членство во меѓународни, мултилатерални и регионални организации ако тоа се бара под името "поранешна југословенска Република Македонија". Според него, Владата на Македонија треба да реши дали ќе аплицира под привременото име во ЕУ и во НАТО. Советува тоа да биде направено сега бидејќи е сигурен дека сите други членки освен Грција би биле подготвени да ги почнат преговорите во таа форма. Со тоа ќе се види дали Грција е подготвена да ја земе предвид обврската што ја прифатила со Привремената спогодба, вели О'Нил.

Во интервјуто О'Нил се осврнува и на годишното обраќање на претседателот Ѓорге Иванов во Собранието кое го оценува како мудро и ссответно. - Претседателот беше во право кога кажа дека овој спор ја спречува Македонија да се насочи кон поважни прашања за иднината на државата како што е економскиот развој. Националното единство во однос на идентитетот на Македонија значиелно помага во барањето решение, додека разединетоста и политичките спорови ќе бидат искористени од непријателите, истакна Робин О'Нил.

**Нова Македонија**

## Баба Ванѓа да се прогласи светица

Дел од бугарската православна црква излезе со барање јасновитката Вангелија Гуштерова, попозната како Баба Ванѓа, да се прогласи за светица, а како повод е 100-годишнината од нејзиното раѓање кое ќе се одбележи на трети октомври годинава. На тој ден во далечната 1911 година е родена Баба Ванѓа во Струмица.

Предлогот за прогласување Баба Ванѓа за светица го изнесе архиерејскиот наместник на Петрич Ангел Кочев кој посочи дека по нејзината смрт во 1996 година куќата и' била затворена се' до 2007 година, потоа е отворена и наскоро ќе биде претворена во музеј.

Во образложението Кочев наведува дека слепата Баба Ванѓа била "маченица на Православната црква", лечела болни, била одличен познавач на тревите, им давала надеж на унесреќените, но и дека и' се случувале "чудесни исцелувања".

По нејзината смрт илјадници луѓе доаѓале во црквата што таа ја изградила, оделе на нејзиниот гроб, доживувале позитивна енергија и духовна чистина.



**Вангелија Гуштерова**




**НА БОЖИК ВО ЦРКВАТА “СВ. ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ“**

# Срце-грејна претстава од учениците на црквеното училиште



**На фотографијата: учениците од црквеното училиште придружени од професорката Елена Секуловска, митрополитот Методиј и отец Костадин.**

**Пишува**
**ПЕТАР ГИНЕВСКИ**

На најголемиот и најрадосниот христијански празник - раѓањето на Исус христос - Божик, на вториот ден, во саботата од 8 јануари по одличната претпладневна свечена служба на црковниот клер во молитвениот храм меѓу фреските, иконите и свештениците, славителите на величенствениот празник беа “почестени“ со срцегрејна претстава од учениците на црквеното училиште.

Зборуваме за претстава од високо суптилна природа и божествен занес при изведувањето. Вообичаено, Бог е во срцата на сите христијани. Но во убавите празнични мигови во црквата “Св. Димитрија“ во Маркам доминираше впечаток дека точно од Божикните моменти во црквениот амбиент, Господ-Бог беше најприсутен во срцата на младите ученици од чие хорско пеење нон-стоп извираше хармонично пријатен глас што ценето како засебен сценски жарн надмина секаква уметничка вредност!

Сите единаесет ученици беа под дест годишна возраст. Поклични од бисерен гердан дечињата зрачеа шарм и ведрина. Нивните имиња се: Јана Секуловска, Александар Митровски, Џулиа Нилсен, Лилјана Трајческа, Изабела Ѓоршовска, Стефани Кефалас, Марика Секуловска, Андреј Митровски, Мајкл Нилсен, Маја Трајчевска и Адријана Кефалас. Беа простум поредени пред олтарот, пред впечатливо ново-изработениот красен иконостас, наспроти празнично облечените 150 православни христијани, верни крепители на сопствената вера и фрешко зографисаната црква од (меѓу нас во Торонто) живата легенда - зографот Георги Даневски. Одлично увежбаниот ученички состав се претстави со програма од цветни хорски песнички и рецитал. Нивното слатко пеење беше изворно, ведро, нежно, пријатно ... што всреде црква изнуди повеќе пати аплаузи од очигледно задоволната публика.

За успехот во проводењето на училишната настава заслужно е целото управно тело од црквата. Посебно ја издвојуваме и нагласуваме способноста, паќноста и постојаното трудољубие за наобразбата на учениците и припремањето на нивниот Божикен сценски настап од учителот отец Костадин и професорката Елена Секуловска кои, посебно за припремите околу празничниот настап на децата заслужуваат срдечни честитки.

# Разбуди го премиерот!

**Третата група коледари биле поупорни и инсистирале сопругата на премиерот да го разбуди Груевски кој дома се прибрал во 5.30 часот на утро оти до рано сабајле траела владината седница**

Коледарските песни не го разбудиле Никола Груевски кога рано утрото на Бадник коледари затропале на вратата на неговиот стан во Кисела Вода во кој тој живее откако стана премиер.

Првата и втората група деца се задоволиле со појавувањето на сопругата на премиерот Боркица и коледарските дарови што таа им ги поделила. Одете кај премиерот, ги подбуцнувале комшиите коледарите откако ќе им тропнеле на врата.

Обезбедувањето на премиерот за тоа утро добило наредба да биде потолерантно и да ги пушта децата коледари да влезат слободно во зградата. Од кабинетот на премиерот велат дека така било секоја година за Бадник.

Третата група деца била поупорна. Кога се појавила Боркицаи им дала дарови, тие рекле: а каде е премиерот? Таа им објаснила дека спие. Тогаш разбуди го, инсистирале децата. Боркица морала да го разбуди и полурасонетиот премиер се појавил на вратата и малку помуабетил со коледарите.

Груевски тоа утро се вратил дома околу 5.30 часот. Претходниот ден попладнето почнала владина седница која траела до 5.00 часот наутро на Бадник.

Не е прв пат Груевски да ја развлекува седницата на владата и да ги држи министрите будни до сабајле.



**Премиерот Никола Груевски со сопругата Боркица**

## Радост на децата со Дедо Мраз во Мисисага

Во организација на женската секција при црквата “Св. Илија“ во Мисисага на 9 декември беше припремена средба на децата со Дедо Мраз кој според преданијата треба да пристигне од северникот и да им даде на малите дечиња поклончиња. И според сказните така се случи. Преку 100 дечиња ја споделија радоста, секое дете направи слика со дедо Мраз, но и му шепнаја на уво што е нивната желба за дедо Мраз да им ја исполни. Секое дете доби и поклонче благодарение на фирмата ViV на сопствениците Војо и Весна, компанија за увоз на прехранбени производи од Македонија.

За пакетчињата помогнаа и Радица Сандовски, Никол и Томе Арсовски, Марија и Јани Малевски. Координатор на сето ова беше претседателката на женската секција Весна Стефановска и потпретседателката Зорка Петровска. Тие и овој пат се покажаа како најцврстиот столб помошно тело на црковниот одбор што со нивните многубројни културни активности допринесуваат да се збогатува буџетот на црквата со што се овозможува полесно надминување на трошковите.

На истиот ден по повод Св. Стефан беше приреден и ручек во салата, подарок од семејството на Славе и Цули Димитров во чест на нивниот син Стефан. Покрај ручекот присутните имаа прилика да се забавуваат со убавата македонска музика и да уживаат во пријатната и празнична атмосфера што им ја нудеше Оливер и Соња бенд. Во припремите за ручекот помогнаа Томе Петровски и дел од женската секција како и членовите на управниот одбор.

**Горнан Јовановски**


**Louis P. Strezos**
**Barrister & Solicitor**

***Criminal, Constitutional and Appellate Advocacy***
15 Bedford Road, Toronto ON, M5R 2J7

Tel: **416-944-0244**
Cell: **416-459-0575**
lps@15bedford.com

# “Метропола“ Кавадарготино

**На фестивалот на шегата “Дедо цепе бурина“ во Кавадарци, овој град и Неготино се споија и ја формираа метрополата Кавадарготино која станува магнет за туристи што навалуваат од сите страни на светот**

Ведриот дух и шегата не пресушуваат и во најтешките моменти што ги доживува Тиквешкиот регион во време кога нема никаква цена грозјето од кое живеат илјадници семејства. Тоа се потрди и на фестивалот на шегата “Дедо цепе бурина“ кој деновиве се одржа во Кавадарци. Тука почна вечната војна меѓу неготинските и кавадаречките шегобијци...

По многу битки меѓу Кавадарци и Неготино, Неготино потпаѓа под власт на Кавадарци. Се спојуваат двата града во еден, Кавадарготино, голема метропола, магнет за туристи од сите страни на светот. Доаѓајќи во Кавадарготино тие се соочуваат со новите обичаи. Така еден странец дознава дека секоја среда кавадарготинци одат во кино, па оди и тој.

- Море ти не си од туа да те е... Кавадарчани и странци седат горе у лоажта - му вика еден до него, објаснувајќи му со рацете. Странецот разбира некако и се качува горе. Но, по некое време му се приодело по нужда. Тоилет? - прашува учтиво. - Море ти не си од туа да те е... Ни кавадрчани мочаме озгора врз неготинци - му објаснуваат покажувајќи со рацете.

Се олеснил странецот како што му објаснил кавадарчанецот кога одоздола некој вика: море ти не си од туа да те е... Шарни малку каа мочаш, главта ми а дупна!

Ова е кратката верзија на првонаградениот скеч на фестивалот “Дедо цепе бурина“, а го изведе дружината “Мокри зиври“ составена од млади кавадарчани.

Манифестацијата што вторпат се одржуваше во градот на виното беше привлечна за голем број луѓе. До солзи се смееја политичари, лозари, тутунари... Луѓето за момент заборавија на проблемите и на сиромаштијата воопшто. Во амфитеатарот на новиот градски плоштад смеата ги зближи сите нив. Како што тутунот се ниже лист по лист, како што лозјето созрева грозд по грозд, така на сцената се редеа шега до шега. Присутните се смееја и аплаудираа на добрите шеги, викаа уаа за тие што без пари грозјето им го зедоа.

Се чини, сепак, дека највпечатливи беа закачките на релацијата Кавадарци - неготино, преку Марена.

Во кавадаречки сервис за миење коли дошол неготинец. - А бе, мајсторе, џабе се мачиш, у 2012 смак света ќе бидуе. - Неам ја гајле, че преселам у Неготњо. Они секко се 10 години назад.

Но исто така со громогласни аплаузи беа прифатени и политичките шеги. Како оваа: Глигоров сирамовиот седе у тоа кабинетот горе, си вика двајс години ваа наша Македонија е самостојна, независна, а с’ у место стое, како да мрдниме троа напред? Мора да и викнам, си вика, виа бившите премиери вдеа. И ги вика Бранко, Бучковски, Груевски... Ај му вика да се соблечете сите. Се соблекуваат по гаќи. Киро му вика, и гаќте симнете и. И симнуат, ама му го завртуваат газот. Тој му вика, ногу убави газиња, сал за фотељи се. Де сеа завртете се однапред да ве видам. И виа се завртуат. Коа и гледа. Каа се фаќа за глава и са смее: Оф, леле, леле, со шо а онадујте ваа нашта кутра земја сите виа години!

Не остана незабележан обидот на некои од учесниците во целата таа претстава да му се “удвараат“ на кавадаречкиот градоначалник Александар Панов, порачувајќи му дека е “дипломат од сто и еден карат“, а дека тие што вода му матат, за... шалот можат да му се фатат. Притоа го советуваа со “потпретседател на партија, иако само на хартија да не се обложува по пат на јадец, оти дотичниот можи е човекојадец“.

Зависниците од добра смеа бараа виц повеќе. Имаше за полицајци, русокоси, за Шехерезад и лисјата што паѓаат. Не изостанаа и вицеви за југоносталгичари: У бивша Југославија у телевизиско студио жени од Словенија, Хрватска и Македонија зборуваат за тоа шо добиваат каа по -дарок од мајште. - Накит, парфеме - вика Словенката.-Строј за прање судова - се фале Хрватката. - Кај нас ќе ни го опнат само - признава Македонката. - Значи најлепше ствари иду и неразвиена подручја - велат Словенката и Хрватката.

Изведувачите на најдобрите вицови добија три, две или една илјада денари од општината, како и по една чорба од кавадаречки ресторан. Оние пак што таа студена вечер беа со нив и се топлеа аплаудирајќи и пиејќи бесплатно вино и ракија, добија позитивна енергија и, како што коментираа, неколку минути плус од животот.

Интервенираше и брзата помош да му помогне на еден маж кој падна од смеа оти претходно претерал со ж’тата (ракија).

Присутните на фестивалот уживаа и во песната на кавадаречките музичари Трио Гранде и во прекрасниот огномет. Беше промовирана и збирката раскази “Чаршијари“ на Илија Неделков Ограјски.

Натпреварувачите на фестивалот кои беа незадоволни оти не добија награда ќе имаат шанса тоа да го сторат на следниот “Дедо цепе бурина“.

**(Светлана Дарудова за Дневник)**

# Фридом хаус: Македонија е делумно слободна земја

Македонија е делумно слободна земја, оценува американската организација Фридом Хаус која врши мониторинг на политичките и граѓанските слободи во светот.

Во нејзиниот извештај за 2010 година Македонија доби оценка 3 на скалата меѓу 1 и 7 . Во него стои дека државата спровела демократски претседателски и локални избори и ги имплементирала реформите кои и’ беа препорачани по изборите во 2008 година.

Одреден напредок има и во кандидатскиот статус за членство во Европската унија, но се нотира и главната пречка за напредокот - проблемот со името на државата.

Што се однесува до Балканот, на Македонија друштво во делумно слободните држави и’ прават Косово, Албанија и БиХ.

Во регионот слободни се: Грција, Бугарија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Романија, Словенија и Унгарија. Генерално според извештајот слободата во светот во изминатата година опаднала поради зголемената моќ на авторитарните режими и недоволниот отпор на светските демократии.

Меѓу репресивни режими во извештајот се издвојуваат Кина и Русија заедно со Венецуела, Бурма, Гвинеја, Либија, Северна Кореја, Сомалија, Судан, Тибет, Туркменистан и Узбекистан.

**(А1-Телевизија)**




## СУДБИНА МАКЕДОНСКА

Судбина македонска била
Млади цветови во туѓина да цветат
А желби раскинати
На далеку да се плетат.

Ќе има ли денови
За нашите желби силни
Мирно да умираат
Крај езерски води ширни.

Ќе има ли време
Убаво и мирно
Каде само песни и ора
Ќе одлеваат силно.

Се плашам
Оти над земјата македонска
Надвиснуваат темни облаци
Над земјата Александрова
Нема зори да се зорат,
Над земјата Самоилова
Крвнички огнови горат.

Над земјата Климентова
Силни пискоти се слушат,
Над земјата Гоцева
Сите желби се рушат.

Над земјата Чентова
Го нема оној ветен сончев сјај
На името македонско
Некој сака да и стави крај.

Деновите, ноќите,
Годините, вековите...
Времето ги запишало
Со еден светнат час
Со една судбина и шепот
И силен небесен глас.

Судбина македонска била.

Горнан Јовановски

## А Ф О Р И З М И

Благодарноста е една од оние работи што не може да се купи.

Благослов е да подариш а не да примиш дар.

Вистината - тоа е Бог.

Убавите зборови може дури и змијата да ја намамат да излезе од својата дупка.

Кога човек многу зборува. Секогаш кажува нешто што не треба.

Само со туѓи очи можеш да ги видеш сопствените недостатоци.

Парите се како гости, доаѓаат и си одат.

Кога ќе почне да се крши мразот ќе познаеш кој ти е пријател.

За оној кој што сака да работи нема тешка работа.

Среќата треба да се бара, таа сама не доаѓа.

**Илија Стојанов**
од Македонија

# UMD deeply mourns passing of Romanian Macedonian leader Liana Dumitrescu

January 27, 2011
**Washington, D.C -** UMD deeply mourns the sudden passing of Liana Dumitrescu, the first Romanian Member of Parliament of Macedonian heritage, and head of the Romanian Macedonian community for over a decade. She died this morning in Bucharest at the age of 38, she had jus celebrated her 38th birthday on January 20th.

"I am deeply disturbed by this morning's news of Liana's sudden death. Liana was a friend, an inspirational leader full of vigor, fully dedicated to the Macedonian cause," said UMD President Metodija A. Koloski. :She was a leader, who commanded respect throughout Romania. Macedonia, and the Macedonian global community working tirelessly to advance the interests of Romania's Macedonian minority and Romania-Macedonia.

Liana Dumitresku was presented with UMD Human Rights Award at the 2nd Annual UMD Global Conference on June 5, 2010 in Toronto for her decade-long fight to gain full rights for the Macedonian minority in Romania. She had attended the 1st Annual UMD Global Conference in Washington, D.C. in 2009 where she spoke on the right of Macedonians in Romania.

Dumitrescu's involvement in the Macedonian community in Romania was extensive. In 2000, she helped found the Macedonian Association of Romania, of which she served as its Vice President from 2004-20011. In 2002Liana succeeded in placing Macedonian on the official Romanian census, and in 2008, succeeded in getting state funds for the education of the Macedonian language in primary schools throughout Romania. She was the co-author of the book History of the Macedonian Minority in Romania and director of the monthly newsletter Macedoneanul.

Under her leadership, Romania become the first and only European Union and NATO member-state to officially recognize the Macedonian community as an official minority of Romania.

Liana Dumitrescu was born and raised in Romania. Her ancestors arrived in Romania from Macedonia in the 17th and 18th centuries. Liana was a lawyer by trade having earned her law degree from the University of Bucharest in 1996. She attended both the Romanian National Institute of Administration and Romanian Diplomatic Institute, taking courses related to development and project management and international relations and European integration respectively. She was working on her doctorate degree from the University of Bucharest in history before she passed away.

Dumitrescu had her own private legal practice from 1996-1997. She moved on to work as a legal adviser in the Romanian Parliament to the Chamber of Deputies (one of Romanian Parliament's highest bodies) till 2004. During 2002-2003, she worked as an expert in the Romanian Constitution Review Commission and from 2003-2004 was part of the joint Commission od Deputies and Senate to develop electoral laws. From 2004-2006, she worked as the Secretary of the Parliamentary Group of National Minority.



**Liana Dumitrescu**

She had been a Member of Parliament elected as the representative of the Macedonian community of Romania from 2004, and was elected for two consecutive terms as a member of the Chamber of Deputies. Liana was a lecturer at the University Mihai Viteazu's Law School in Commercial and Roman Law.

"Liana was an exemplary role model for all Macedonian human rights advocates worldwide," said Koloski. "She will be truly missed by all of us."

UMD extends deepest condolences to Liana's mother Constantina, her entire family, and the Macedonian community of Romania.

**UMD Press Office**

### Iran's PCC Mull 100m Euro Investment in Macedonia

Iranian Petrochemical Commercial Company is considering a 100 million euro investment in Macedonia, a Skopje-based daily reported. "Iran petrochemical producer PCC has got the green light from the Macedonian government to draft a detailed business plan for the planned investment," Nova Makedonija reported.



**Ташко Кубановски**

## АФОРИЗМИ ЗА РЕЛИГИЈАТА

Кога попот попува, ѓаволот тикви сади.

Религијата дава рецепт и за рај на земјата, но неверниците пропишаа рецепт за пекол на земјата.

Религијата ни дава придружник и во најтешките моменти - Бог.

И кога бол и тага ќе не стегне, ако е Божја волја, полесно е.

Попот за децата е дедо, за возрасните оче, а за празноверците баксуз.

Кој ги избегнува Божјите закони, запаѓа во смртните гревови.

Проштавањето е Божја работа, но ако проштаваме и Бог ќе ни прости.

Господ бог рекол: Колку прекрасен може да биде денот ако добрината те допирне.

Ти си похрабар отколку што веруваш, појак отколку што изгледаш, поитар отколку што мислиш.

Никогаш не дозволувај некој да ти дојде кај тебе и да си оди без да е посреќен.

## Црногорскиот јазик е измислен

Митрополитот црногорско-приморски Амфилохије им порача на верниците дека црногорскиот јазик е измислен упатувајќи критики до сите што го зборуваат тој јазик. - Некои велат да го промениме својот јазик и да воведеме некој нов, непостоен, кој никој никогаш не го зборувал во Црна гора. Можеме и тоа да го сториме , но со тоа не се обновува душата на Црна Гора - вели тој.


## За вашите забни потреби

**Dr. Krume Starkovski**
**Dental Surgeon**

**16 Bimbrok Road**
**Scarborough, Ontario**
**M1K 4T7**

**Telephone**
**416-267-9883**
**416-267-8214**






# Helping

# Where

# Help

# Is needed

# Most

**Ilinden Heritage and Cultural Association of Ontario**

# Глигоров на ручек кај Иванов



**Киро Глигоров и Ѓорге Иванов**

Првиот претседател на Република Македонија Киро Глигоров на 27 јануари му беше гостин на актуелниот шеф на државата Ѓорге Иванов во неговата резиденција на Водно. По повод две децении од првата инаугурација на Глигорв, Иванов приреди свечен ручек во негова чест.

Овој настан, како што соопштија од кабинетот на претседателот Иванов, е дел од планираните за одбележување на 20-годишнината од независноста на Македонија, а со цел да им се оддаде признание и почит на клучни личности од тој период.

Глигоров беше претседател во два мандати. Првиот пат го избра Собранието, а вториот пат победи во првиот круг од непосредните претседателски избори во 1994 година.

## Македонците во Албанија извисија за пописот

Македонците во Албанија ќе го бојкотираат претстојниот попис во април бидејќи албанскиот институт за статистика не ги прифати барањата за посебна графа за националност Македонец во пописниот формулар, најави претседателот на партијата Македонска алијанса за европска интеграција Едмонд Темелко.

Според Темелко, се покажале оправдани стравувањата дека албанските власти на секој начин ќе се обидат да прикажат колку што е можмо помал број малцинства во државата. "Повторно во овој формулар не постои графа за Македонци и за сите други малцинства во Албанија. За да бидеме делумно задоволни, тие направија варијанта каде што не постои ниту едно малцинство, туку празно место за етничко изјаснување. Ние категорично ја отфрламе оваа верзија, остануваме на нашиот став. Ќе учествуваме на пописот доколку постои графа Македонец. Доколку не, ќе повикаме бојкот на пописот", вели Темелко.




DONKA TRIFUNOVSKI, EPC
Financial Security Advisor
Elder Planning Counselor

Freedom 55 Financial

SUITE 100, 3760 14TH AVENUE
MARKHAM, ON L3R 3T7
Office: 905-475-0122 ext. 222
Fax: 905-475-5578
Res: 416-287-6767
Toll Free: 1-800-434-9940ext222
donka.trifunovski@freedom55financial.com
Client Service Centre: 1-877-566-5433
A division of London Life Insurance Company


## Сакаат вашите деца фолклор?



Запишете ги вашите деца да го изучуват македонскиот фолклор во црквата "Св. Климент Охридски" во Торонто. Во половината век постоење на фолклорниот ансамбл "Македонка" илјадници момчиња и девојчиња засекогаш во себе си ставија белег од македонското фолклорно наследство. Телефонирајте при црквата на 416-421-7451.

Graesnica Selsko Society of Toronto

# Името да се избори правно, а не политички

**Продолжение од првата страница**

третини мнозинство да поведе иницијатива во Генералното собрание на Обединетите нации.

Сега, според професорот Јанев, Владата на Република Македонија треба да ги повика сите неврзани земји со циркуларно писмо да го користат нашето уставно име наместо референцата која е нелегална. - На овој начин можеме да собереме уште 10-15 земји кои би прифатиле да го користат уставното име. Потоа, се' што треба е да се поведе постапка преку Генералното собрание на светската организација за добивање советодавно мислење од Меѓународниот суд во Хаг за законитоста на дополнителните услови при приемот на Република Македонија во Обединетите нации, како и за нејзините членски обврски што произлегле од таквите услови - изјавува Јанев.

Професорот укажува дека мислењето потоа би било обврзувачко за органите на Обединетите нации. - Нелегалната референца од страна на Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации би била заменета со устав - ното име, почитувајќи го принципот на самоопределување на сопствен правен идентитет - констатира професорот Игор Јанев.

**(Нова Македонија)**

## ПОСЛЕДНА МОЛИТВА

Со бол во душата и рана на срцето,
Ти одмараш наспроти мене.
Ги криеш болките твои од мене,
А јас ги кријам солзите мои од тебе.
Очите мои планински извори да беа
До капка ќе пресушеа.
Немоќен сум мила моја
Немоќен да ти помогнам
И бол да ти одземам.
Ми доаѓа да викам,
Да викам силно, грмовито.
Да се чуе надалеку
На далеку до Господа.
О, Господе Боже...
Немам повеќе молби и молитви,
Се' што имав ти испратив.
Ти си тој кој праведно судиш,
Ти си тој кој чуда створаш.
Смилувај се на ова твое чедо,
Подари и' здравје, подари и' живот.
Јас не губам надеж
Сеуште се надевам на Твојата моќ.
\- АМИН -

**Ташко Кубановски**

# БЛАГОДАРНОСТ

Васил Терзиевски и неговиот пријател Киро подарија 50 долари како помош за нашиот весник. Господата Васил и Киро тоа го прават секоја година повеќе години наназад.

Искрена благодарност до двајцата наши читатели.

**Од редакцијата**


Македонски Православни Гробишта
Благословени од Македонскиот Владика во Мај 2000

ST. CLEMENT OF OHRID, ST. DIMITRIJA SOLUNSKI, ST. ILIJA

ПОСВЕТЕНИ ВО СЛУЖБА НА МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ТОРОНТО И ОКОЛНИТЕ МЕСТА.




Memorial Gardens изгради три нови локации за гробишта посветени на македонските комуни во Мисисага, Пикеринг и Стофвил.

Со 50 години искуство помагајќи фамилии од различни култури и традиции, Memorial Garden ви нуди посебно за вас:

* гробни места со поглед кон исток, осветени за погреб со македонски традиции
* Гранитни споменици за секоја фамилија со индивидуален дезаин
* Прекрасно одржувани гробни градинки
* Централно гранитно обележје во гробната градина

HIGHLAND HILLS MEMORIAL GARDENS
GLEN OAKS MEMORIAL GARDENS
For all your CEMETARY and FUNERAL needs or for more information, please call Doug Oliver.
(416) 721-5403 DOUG OLIVER (416) 721-5403

Highland Hills Memorial Gardens
12492 Woodbine Avenue
(Stouffville Sideroad & Woodbine Ave.)
Gormley, Ontario

Glen Oaks Memorial Gardens
3164 Ninth Line
(Hwy. 403 and Hwy. 5)
Mississauga / Oakville, Ontario

A brand new garden opened on January 1, 2011. For more information, please call Doug at 416-721-5403.

# Интересот - невидено божество



Пишува

**ПЕТАР ГИНЕВСКИ**

Кога ќе се поми- сли на појмовите “интерес“, “корупција “правда“, “вистина“.. и најмалку дузина слични на нив, човековите напишани закони по кои светските цивилизации се управувале и управуваат изгледаат смешни. Сепак, човекот како цивилизирано суштество живее во рамките на овие закони, практично се раководи со нив, по нив и во х случаи крај нив. Како тоа - крај нив? Така, едноставно. Кога човекот влегува на работна должност, сеедно на државна или приватна служба, прво нешто што гледа, прво нешто што го интересира не е законот, не е ни компанискиот правилник за работата но, личниот интерес.

Законите на државата, законите на компанијата, работната етика, моралот, дури и законите на стихијата, не да се пишувани на хартија, макар и да се клесани на камен, пред “здивот“ на личниот интерес “важат“ привидно или неважни воопшто.. Према сите параметри и мерила човекот го прави прво тоа што личниот интерес му налага и дури потоа се’ друго. Дали е тоа заповед на неговиот ген за алчност или се работи за необјаснет природен феномен тешко е да се разгатне.

Силата на личниот интерес повеќе е енигма и помалку претпоставка. Неговата дефиниција е трајно неизвесна, отворена и значи за снажен предизвик на човековата интелегенција. До денешни дни цивилизацијата (вклучувајќи ја и постојната) недале исцрпен одговор на ова би рекол - невидено божество, со моќ да спои народи, компании, држави, дури и масовни човечки желби... Со движење во ист правец! Интересот може да се именува или подразбере и како постојан општ именител за се’ што правиме во оквирот на нашиот живот без обзир кога и колку истиот се развива во нас питомо или диво.

Интересот е глобална религија без бог. Впрочем, самиот тој е бог. Некој вид централна мисла во нашето постоење околу која гравитира речиси се’. Тука, тоа “се“ воопшто не е важно дали припаѓа во пишаните или непишаните закони. Кога интересот е во прашање верниците од сите религии се исти. Впрочем, интересот е нашето постоење. Ако единката макар и малку е зафатена во него, еднакво е како да си и’ бркнал во џебот, во очите или уште поосетливо - во стомакот кој очигледно е база на се’ со име ќар или интерес.

Како спиритуална т.е. материјална мисла водилка во животот интересот не постои само во свеста на единката. Почнувајчи од претпријатија до држави, без исклучоци тој е присутен во сите структури и во сите облици на општествата. Погледнете ја политиката на САД. Кај нив без срам, ни перде, интересот е беспрекорен приоритет. Кога во почетокот на јануари беше симнат претседателот на Тунис, во арапскиот свет следеа серија народни буни за исфрлање од власт на постојните диктатори. Кога дојде редот на Мубарак (последниот фараон на Египет), најизвиканата “демократија“ во светот - САД почетно, (без обзир на секојдневните жртви од народот), застана на страната од фараонот. Не треба да прашуваме зошто. Одговорот се состои во еден едини збор - интереси. Интерес (не на народот) но на поединци од македонската официјална политика е и причината што Република Македонија преговара со Грција за промена на сопственото име! Да не одиме далеку, примери, дури и за минимален, речиси ништовен интерес може да се видат и во македонската колонија во Торонто т.е. во истата, по разни основи за ситни интереси полносвесни поединци отстапуваат од сопственото достоинство! Ама, тоа што е - тоа е. Живот. Веројатно, човекот така е скроен.



Претседателот Ѓорге Иванов на 2 февруари во амбасадата на Република Македонија во Вашингтон имаше средба со претставници на Обединетата македонска дијаспора (ОМД) предводени од претседателот Методија А. Колоски. Претседателот Иванов ги информираше присутните за најважните случувања во Македонија, посебно за проблемот со името кој го наметна Грција. Претставниците на ОМД го информираа Иванов за активностите на организацијата, а во прв ред лобирањето за политичка и морална подршка во напорите Македонија да го издржи притисокот и го задржи уставното име.



**ПЕНЗИОНЕРСКИОТ КЛУБ “КРСТЕ МИСИРКОВ“**

# Место за забава, за средби со пријатели

Со овој допис сакам да ви го претставам нашиот пензионерски клуб “Крсте Мисирков“ од Скарборо. Постариот брат од ваков тип е клубот “Гоце Делчев“. Тој егзистира повеќе од 15 години како гранка на црквата “Св. Климент Охридски“ во Торонто. За разлика од него, “Крсте Мисирков“ е многу помлад и потполно независен. Клубската управа се грижи за целокупната проблематика околу постоењето и правилното функционирање. Меѓутоа, како и многу други организации и ние се надеваме на подобра иднина. Засега имаме 40-50 редовни посетители кои секојдневно се забавуваат во клубските простории. Кога ги спомнувам просториите, треба да кажам дека се украсени со портрети на македонски преродбеници, спортисти, фотографии од манастири, цркви и слично. А тоа му дава посебен македонски тон покрај македонскиот жагор кој се слуша за цело време додека сте таму. А штом излезете надвор, се соочувате со вистината ... Не сте во Македонија туку во новата домовина.

Како и сите други клубови од ваков или сличен вид и “Крсте Мисирков“ има свои карактеристики. Сепак некои уникатни одлики се карактерни за него. Но да одиме со ред. Формиран е пред нешто повеќе од три години од група пензи-онериентузиасти на чело со претседателот Борче Божиновски. Потесното членство го сочинуваат: Владе Гламчевски, Мендо Мечето, Спасе Наумовски, Борче Видиновски, Ташко Кубановски, Цане Поповски и други. Овде треба да спомнам и дел од симпатизерите на клубот кои помагаат на разни начини како што се: Вангел, Миле, Столе, Киро, Пецо, Ристо, Спасе, Цане, Бранко, Крсте и многу други.

Лоциран е на 675 Kingston Road, Unit 1, или блиску до раскрсниците на Meadowvale & Kingston во Скарборо. Во овој дел од канадската метропола Торонто гравитираат голем број на македонски семејства. На некои од нив им е потребен и превоз за да стигнат до клубот.

Да повторам, управата заедно со претседателот имаат храброст и гордост да го регистрираат овој македонски клуб, да го крстат према името на нашиот најголем преродбеник Крсте Петков Мисирков и да ја започнат неизвесноста во работата на истиот. Од тогаш наваму бројот на симпатизери и посетители стално расте. За влез или неколкучасовен престој се наплаќа 2 долари по лице. Што се добива за таа цена? Неколку работи. Прво кафе или чај или ладна вода или освежителен пијалок како кока-кола, цинцирел и сл. И не кошта ништо екстра, ако побараш репете. Второ, добиваш можност да се вклучиш во некоја од омилените клубски игри како



**На “бојното поле“ битка бијат елитата на шаховската игра во нашата заедница Ристо Таков (со бели фигури) и Вангел Кадамов (црни) а во средината е скопјанецот Киро Симоновски кој внимателно ја следи играта но и со нетрпение го очекува победникот за да ги одмери сопствените сили со него.**

што се шах, дартц, бељот и слично. Ако не сакаш да бидеш активен играч, можеш да бидеш активен гледач или навивач. Тоа е индивидуална желба, а некогаш играчите сакаат да се одморат па преминуваат на страната на гледачите и обратно. И трето, и најважно, добиваш домашна атмосфера како не баре да си негде во Гени Маале или Широк Сокак или други битолски маала, ама со говори и наречја од цела Македонија. Со други зборови, влегувањето во клубот значи како да си влегол во друг свет. Времето поминато овде изгледа како да си се преселил негде во стариот крај - за само 2 долари. А пресметајте колку ќе ве чини за посета на стариот крај со Ѓорги Лазаревски - само за карта?

Во овој наш мал македонски рај редовно ги “вкрстуваат ракавиците“ нашите најдобри шахисти како што се: Ристо Таков, Томе Божиновски, браќата Вангел и Коста Кадамови и многу други. А бога ми и во бељотот не заостануваме многу. Редовно имаме четворки на 3-4 маси класифицирани по квалитет, од екстра па се до прва класа мајстори... Овде сакам да ја нагласам важноста и привлечноста на оваа игра. Обично е омилена кај македонските мази, а се игра подома, во слаткарници-донци, во кафиња и сл. Играта е одличен стимулатор на памтењето и развивање на комбинаторика во заспаните вијуги...

Сите љубители на “древната игра“ или “играта на битолските конзули“ кои сакаат да не посетат или да ги покажат своите квалитети, се повеќе од добродојдени. Клубот е отворен секој ден освен во недела, од сабајле околу 10 до 1 после ручек. Секој петок од 5 и пол до 11 и пол на вечер , а има размислувања овој термин да се практикува и во вторник.

Вторник и петок не се одбрани затоа што се пазарни денови во Битола, туку поради добриот неделен распоред. Ако сте со намера да не посетите, дојдете порано во горе-спомнатите временски термини. Со тоа ја зголемувате шансата да бидете активен играч, а не активен гледач или навивач. Јас сум активен навивач за Македонија.

**Ристо Дурловски**

## Луи Темелковски ја слави кинеската Нова година - Годината на зајакот!




Птрославата на кинеската Нова година на 3 Февруари во First Markham Plaza во Маркам ја збогати присуството на повекемина политичари од провинциската и федералната влада како Мајкл Чен, Џон Макалам и други. Меѓу нив беше и нашиот Луи Темелковски (третиот од лево) кој е кандидат на Либералната партија за наредните избори во изборната единица Oak-Ridges-Markham. Федерални избори се очекува да бидат одржани пролетта оваа година.

# Жито Прилеп не отпатува за Грција

Ракометната екипа на Жито Прилеп на 5 февруари требаше да замине за Грција и да одигра натпревар од осминафиналето од Чаленџ купот со екипата на Арион но до тоа не дојде.

Според информациите од управата Жито Прилеп до ваков исход дојде по техничкиот состанок кога грчката екипа го информирала делегатот на натпреварот Густав Бурцивал (Австрија) дека имаат препорака од грчката ракометна федерација тие да не го играат дуелот со Жито Прилеп. Причината за тоа е што на амблемот на тимот од Македонија стои шеснаесеткракото сонце.

Ова е втор случај на грчки тим да не игра против екипата на Жито Прилеп. Од истите причини минатата година во истото натпреварување во Прилеп, Мегас Александрос одби да игра со прилепчанките. Жито Прилеп тој натпревар го доби со службен резултат од 10:0.

Со ова неизвесно е одигрувањето и на реванш натпреварот кој треба да се игра на 13 февруари во Прилеп. Конечна одлука за исходот од двата натпревари ќе мора да донесе Европската ракометна федерација, иако од седиштето во Виена беше дадена препорака спортот да биде во преден план, да не се меша политика.

## За ВМРО 23,8%,за СДСМ 12%

Доколку утре се одржат парламентарни избори , 23,8 проценти од испитаниците би гласале за ВМРо-ДПМНЕ, а 12 проценти за СДСМ, покажува истражувањето на институтот “Павел Шатев“.

За ДУИ би гласале 7,3% од испитаниците, а 3% би гласале за ДПА. За Нова дмократија би гласале 1,1%, додека другите партии имаат доверба од испитаниците под 1процент. Околу 21% од испитаниците немале одговор на ова прашање, а 27,% не би гласале за ниедна политичка партија.

Најмногу доверба испитаниците имаат во лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (23,9%), а 9,2% доверба за лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски.

Истражувањето беше спроведено телефонски во периодот од 21-23 јануари на репрезентативен примерок од 1000 лица.

# "НИКОЈ НЕМА ПРАВО ДА ПРЕГОВАРА ЗА МОЕТО ИМЕ!"



**Немојте да бидете измамени од термините ‘меѓународно, билатерално, уставно’.**

- Ако се промени еднаш, дури и билатерално, насекаде ќе биде променето
- Дали сакате да бидеме нарекувани ***‘Северномакедонци’, ‘Скопјанци’, ‘Вардарци’*** или само ***Македонци?***
- Ние и честитаме на македонската влада за ставот ***“Ние нема да го промениме нашето име”,*** меѓутоа со самиот факт дека преговараме, му кажуваме на светот дека ***“Ние ќе го промениме нашето име”***
- Земјите кои што ја признале Македонија велат дека ***"ако се постигне билатерално решение, тие тогаш тоа решение ќе го прифатат и ќе го користат новото договорено име за Македонија"***
- Било која промена на нашето име е неприфатлива, влучувајќи и одредници како *‘Демократска’, ‘Вардарска’* или *‘Северна’* пред името *‘Република Македонија’.* **На пример со една таква промена ние би биле ословувани насекаде како *‘Северна Македонија’* и *‘Северномакедонци’* кои зборуваат *‘Северномакедонски’* јазик.**

**НИЕ ПОБЕДУВАМЕ. ВЕЌЕ 127 ЗЕМЈИ ЈА ПРИЗНАА МАКЕДОНИЈА ПОД ИМЕТО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ И 4 ОД 5-те ПОСТОЈАНИ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ.**
**НИЕ ИМАМЕ СИЛА ДА СТАВИМЕ КРАЈ НА СЕТО ОВА.**
***ДА ПРЕСТАНЕМЕ ДА ПРЕГОВАРАМЕ ЗА НАШЕТО СОПСТВЕНО ИМЕ.***

**Пред 1988 год., Грција тврдеше дека Македонија не постои. Тогаш ја преименува ‘Северна Грција’ во ‘Македонија’. Сега одеднаш Македонија е грчка?**

**Во 1995 год., поранешниот грчки премиер Мицотакис призна дека причината поради која Грција се спротивставува на нашето име е за да може да го негира постоењето на бројното македонско малцинство и да продолжи да го прогонува. Сите знаеме дека проблемот на Грција е македонскиот идентитет и јазик.**

- Македонците на Балканот се борат за своите човекови права како Македонци и ништо друго

***ЗАПОМНЕТЕ, ЛАГА Е ДЕКА БИЛО КАКОВ КОМПРОМИС ЌЕ ДОНЕСЕ РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО ГРЦИЈА. ТОЈ САМО ЌЕ ГИ ЗАСИЛИ ПОЗИЦИИТЕ НА ГРЦИЈА ДО НЕЈЗИНАТА КРАЈНА ЦЕЛ - ДА ГИ ИЗБРИШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ИСТОРИЈАТА, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА.***

**Ние сме Македонци! Дали сакате да влеземе во историјата како луѓе кои го променија нашето име?**

**Кој им дава право на ЕУ и НАТО да бараат да го промениме нашиот идентитет?**

- ЕУ и НАТО ги прекршуваат своите сопствени принципи и начела со тоа што бараат ние да си го промениме името.
- Да не се предаваме на заплашувањата од страна на Грција и медиумските предупредувања дека Македонија ќе ‘пропадне’ без влез на земјата во ЕУ и НАТО
- Видете ја сегашната економска криза во Грција
- ***Кампања заснована на заплашување се користи за да ја натера Република Македонија да си го промени името***

**ЕУ И НАТО се заложници на Грција**

- Грција лажеше за економската состојба во својата земја и сега останатите земји членки на ЕУ се принудени да и помагаат за да се справи со кризата

**ЕУ не смее да дозволи ксенофобичната политика на Грција да ги врзи рацете на нејзините земји членки. *Признајте ја Македонија!***

- Ако ЕУ и НАТО настојуваат да се промени името, какви ли други отстапки ќе побараат тие и Грција подоцна?
- Со продолжување на преговорите ние праќаме јасна порака дека ќе го промениме името
- ***Мораме да престанеме да преговараме за нашето сопствено име!***

**Здравиот разум порачува: Дали некоја друга земја би преговарала за своето сопствено име?**

- Дали би требало американската сојузна држава Грузија *(на англиски Џорџиа)* да побара од Република Грузија да си го промени името?
- Дали би требало белгиската провинција Луксембург да побара државата Луксембург да си го промени името?

**НАЈОСНОВНОТО ЧОВЕКОВО ПРАВО Е ПРАВОТО НА САМОИДЕНТИФИКАЦИЈА.**

**МАКЕДОНСКИОТ НАРОД МОРА ДА И КАЖЕ НА ВЛАДАТА ДА *ПРЕСТАНЕ ДА ПРЕГОВАРА ЗА НАШЕТО ИМЕ.* ДА ПОБАРАМЕ КРАЈ НА СРАМНАТА РЕФЕРЕНЦА *‘ФИРОМ’.* ДА ПОБАРАМЕ ВЕДНАШ МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ ПОД ИМЕТО *РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.***

MHRMI
MACEDONIAN HUMAN RIGHTS MOVEMENT INTERNATIONAL
www.mhrmi.org

AMHRC
AUSTRALIAN MACEDONIAN HUMAN RIGHTS COMMITTEE INC.
www.macedonianhr.org.au

и други македонски организации - www.mhrmi.org/our_name_is_macedonia

# НАШЕТО ИМЕ Е МАКЕДОНИЈА